**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-2/24**
**07.02.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО** како првостепен суд, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, постапувајќи по Поднесок за повлекување на барање за пристап на информации од јавен карактер, поднесено на ден 31.01.2024 година, од подносител Драѓе Николовски, ул:„ ..., согласно на чл.14 ст. 1 и 2 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во в.в со чл. 54 ст.1 од Закон за општа управна постапка, на 07.02.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАПИРА** постапка по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, по поднесено барање за пристап на информации од Драѓе Николовски...

- согласно член 14 став 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во в.в со чл.54 ст.1 од Закон за општа управна постапка.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 24.01.2024 година, поднесе Драќе Николовски..., со кое побара:

Да изврши увид во предметот РО-822/22, РОЖ-6466/23, а по извршениот увид да му се издаде 10 (десет) списи-фотокопии од наведениот предмет.

На ден 31.01.2024 година, барател на информации од јавен карактер, поднесе поднесок со кој го повлекува, барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 24.01.2024 година.

Согласно на чл. 14 ст.1 од Закон за пристап на информации од јавен карактер, за писменото барање за пристап на информации одлучува имателот на информации во постапка утврдена согласно од овој закон.

Согласно на чл.14 ст.2 од Закон за пристап на информации од јавен карактер, за прашања на постапките од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Согласно на чл.54 ст.1 од Закон за општа управна постапка кога странката ќе се откаже од своето барање, јавниот орган со управен акт ќе ја запре постапката во однос на странката.

Во конкретниот случај, Барање за пристап до информации од јавен карактер, на ден 24.01.2024 година поднесе Драѓе Николовски од Куманово, а на ден 31.01.2024 година барателот на информација од јавен карактер со поднесок го повлекува поднесеното барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед да, Барањето за пристап до информации од јавен карактер е повлечено од страна на подносителот на барањето, Претседателот на суд одлучи како во изреката на решението, односно постапката по барање за пристап до информации од јавен карактер ја запре.

Основен суд Куманово, СПИ -2/24 од 07.02.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска